Во трите делови (Аграрните односи во Славонија и Хрватска во втората половина на XV и на почетокот на XVI век, Преодна доба; Доба на рефеудализација аграрните односи во XVII век), на колку што глобално е поделена изложената материја, авторот на обимен број страници (795) ги проследува аграрните односи во Хрватска во еден временски период од два и пол века — од околу 1450 до околу 1700 година.

Тоа е еден од најтешките периоди во развитокот на Хрватска. По влaнеењето на Матија Корвин (1458-1490) Хрватска е потресувана од посојани немири. Едновремено зачестуваат и турските продирања и опустошувања на цели подрачја. Со приклучувањето на дел од Хрватските земји во 1527 година во составот на Хабзбуршката монархија, кога внатрешната политичка положба уште повеќе се влошила, и со турските освојувања во текот на XVI век Хрватска е сведена на „остатоци од остатоците".

Континуирано низ целиот временски период — како што нагласува и самиот автор — разгледани се само аграрните односи во Славонија и стара Хрватска. Предмет на истражување не се феудалните односи кои се развиле во подрачјето на Хрватска што во XV и XVI век го освоиле Турците. Истражувањето не ги опфаќа и специфичните аграрни односи во Воена Краина, создадена во XVII век и аграрните односи во Далмација и Истра каде што исто така биле создадени аграрни односи од посебен тип.

Откако во секој од означените делови најнапред ги разгледува основните карактеристики на политичките прилики, движењето на населението, населеноста на феудалните стопанства — колку што тоа изворите го овозможиле — основните гранки на земјоделството и структурата на земјоделството и структурата на земјоделското производство, авторот пристапува кон опширно изложување на феудалната рента, категории на зависните селани и положбата на селанството.

Трите наведени делови, во кои авторот ги изложил своите опширни истражувања и сознанија, ја означуваат всушност новата периодизација во развитокот на аграрните односи на Хрватска. Периодизацијата е извршена во зависност од доминантниот тип на феудална рента. Во втората половина на XV и на почетокот на XVI век основен облик на рента била паричната рента. Од околу 1520 година, најмногу под влијание на турското продирање кон Запад, сè повеќе јакнела натуралната рента која останува доминантен облик на рента до крајот на XVI век. Во текот на XVII век тежиштето на феудалната експлоатација било пренесено на работната рента.

Положбата на феудално-зависните селански маси останала тешка за сето време на иследуваниот период. Паричната рента значела, земено во целина, намалување на феудалните обврски, но до значително и трајно подобрување на положбата на селанските маси не можело да дојде поради постојаното зголемување на редовните парични давачки, а во некои краишта и на работните обврски, поради воведувањето на нови и вонредни парични обврски, што понекогаш и во

некои места знаеле да бидат поголеми од редовните, како и поради високите порези.

Во XVI век настанале крупни промени во аграрните односи на Хрватска. Постојаните војни со Турција во кои бил опустошен добар дел и од териториите кои не потпаднале под турска власт, предизвикале големи миграции со трајни последици. За потребите на одбраната од турските напади биле нафрлени нови обврски (парични, натурални и работни). Со постојаното зголемување на натуралната рента економската положба на зависното селанство значително се влошила. Со сета тежина врз селанските маси паѓала и работната рента, која се состоела главно во јавни работи за утврдување на Воената Краина. Сето тоа ја влошило и правната положба на селаните: нивните права во поглед на располагањето со имотот сè повеќе биле ограничувани, селењето на кметовите било целосно забрането, додека нивното преминување од еден на друг имот било допуштено само под определени услови.

Со промените во структурата на феудалната рента во XVII век, кои се состоеле во пренесување на тежиштето на експлоатацијата на работната рента, а кои промени се утврдени со помошта на изобилство квантитативни показатели, авторот смета дека продолжил процесот на натамошно влошување положбата на зависните селани. Работната рента зафаќала околу 60-70% од сите феудални обврски. Освен тоа и оптоварувањето на селаните со даноци било двојно поголемо отколку во претходното столетие, додека во поглед на натуралните давачки не настанале позначајни измени.

Соодветен простор во трудот е посветен на класната борба на селанството, чиј највисок израз биле селанските буни. Селанската буна од 1573 година, чии причини биле исти како и причините за локалните буни — влошување положбата на селанството заради зголемување на давачките авторот ја смета за „најизразит судир на спротивните тенденции во развитокот на аграрните односи во XVI век" и на одреден начин како „логичен завршеток и врв на заострувањето на класните борби".

Но класната борба на селанството во Хрватска во разгледуваниот период не се исцрпувала со селанските буни. Борбата против феудалната експлоатација се водела и на многу други начини. Многубројните формите на пасивен отпор — исполнување на натуралните обврски со издвојување за феудалниот господар на најлошите производи, искажување на помали приноси, крајно незаинтересирано исполнување на работните обврски и сл. — постојано прераснување во активна борба: жалби до банот и кралот, бегање во Воена Краина и др. Притоа авторот не се задржува на конкретниот развој и текот на акциите, особено кај селанските буни, туку ја испитува заемната поврзаност и условеноста помеѓу измените во феудалните обврски и отпорот на селанството против феудалното угнетување.

Со ползување на огромен број извори (објавени и необјавени),

при што првостепено внимание е посветено на истражувањето на архивските фондови во архивите во земјата и во странство, како и врз основа на критично проследување на објавената литература, трудот на Јосип Адамчек **Аграрните односи во Хрватска од средината на XV до крајот на XVII век** на најдобар начин ги продолжува истражувањата и во огромна мерка ги продлабочува научните сознанија за аграрната историја на Хрватска. Како крупен придонес кон стопанската историја на Хрватска, презентираниов труд на Јосип Адамчек, може да се каже, од една страна, ги заокружува досегашните истражувања, а од друга, се јавува како солидна основа за натамошни уште попродлабочени иследувања на аграрнопроизводните односи на Хрватска кои со векови претставувале „основни производно-економски односи и главни рамки во кои се движел животот на народот".

Ристо ХРИСТОВ